**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН СКОПЈЕ**
**Архитектонски Факултет**

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на деканот на

## АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТОТ

**за учебната 2021/22 година**

**во период 01.10.2021 – 30.09.2022**

**Скопје, јануари 2023 година**

## С О Д Р Ж И Н А

**1. ВОВЕД**

**2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ**
2.1 Работата на ННС
2.2 Работа на постојните комисии формирани од ННС
2.3 Упис на студенти

**3. НАСТАВНО НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР**
3.1 Наставен и соработнички кадар
3.2 Покриеност на наставните предмети со наставници

**4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**
4.1 Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и постдипломски студии
4.2 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето

**5. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА**
Соработка со стопанство, со владини институции, со невладини организации и со други асоцијации на национално ниво, а во контекст на мисијата, целите и задачите на установата
Учество во Европски и други програми
Вкупен број на реализирани проекти
Студентска размена со други академски центри во земјата и странство
Контакти со дипломираните студенти
Контакти со работодавците
Меѓународни проекти
Настава на странски јазици

**6. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**
6.1 Издавачка дејност и покриеност на студиските програми со учебници и учебни помагала
6.2 Учество на конференции, научни собири и семинари во школска 2017/18 година
Организирани научни собири
Гостување на странски предавачи

**ЗАКЛУЧОК**

## 1. В О В Е Д

Овој Декански извештај се однесува за периодот октомври 2021 - септември 2022. Во овој период вон. проф. д-р Мимоза Клековска е вршител на должност в.д. декан до ноември 2021, а декан од декември 2021 - тековно.

Врз основа на член 114 алинеа (5) од Законот за високо образование, деканот на Архитектонски Факултет до ННС и ректорот на универзитетот доставува Извештај за својата работа (најмалку еднаш годишно) за претходната школска година.

Со Извешајот на деканот треба да се изврши процена на нивото на реализација на сите релевантни активности на Факултетот и да се остварат следните три цели:

- да се претстави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес и научноистражувачката работа во Факултетот, како и нивното меѓусебно влијание;
- да се анализираат добрите и слабите страни на Факултетот, и
- да се даде оценка за успешноста на работата на деканот како огран на раководење на Факултетот.

Со нормативните акти на Факултетот, а согласно Законот за високото образование, прецизирани се надлежностите на деканот во процесот на управување и функционирање на Факултетот. Со тоа треба да се обезбеди организација на работата којашто ќе се залага за реализација на поодделни задачи и одговорности. Во овој процес улогата на деканот на Факултетот е да ја насочува, координира и следи реализацијата при извршувањето на поставените цели и задачи на Факултетот, а за што е одговорен пред Наставно-научниот совет, АУЕ-ФОН Универзитетот и Министерството за образование и наука.

Имено, Факултетот прави силни и конкретни чекори во насока на подобра организација и поголема одговорност во реализацијата на наставно-образовниот процес.

Конкретно, воспоставени се процедури и механизми коишто овозможуваат следење и контрола на реализацијата на поставените цели и задачи, преку:

- изработка на програма за работа на деканот и поднесување извештај за степенот на нејзината реализација;
- изработка на годишен извештај за работа на наставниците и соработниците за извршување на тековните обврски како и континуирано следење на постигнатиот успех на студентите, со што е воспоставен соодветен систем на информирање и координирање на активностите.

## 2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ

Факултетот функционира девет години, при што се стреми кон континуирано остварување на повисоки развојни цели и тој процес е постојана грижа на сите негови наставници и соработници. Овој процес во себе инкорпорира континуирани промени во сите сегменти на органиацијата и работењето на Факултетот, и тоа:

- постојана грижа за постојните студиски и предметни програми на додипломските студии;

- се изведува настава според важечките акредитирани наставни програми на првиот и вториот циклус на студии;
- се подготвува наставна програма за нова акредитација на програми за прв и втор циклус на студии
- се прават напори со ново техничко опремување на Факултетот, како во однос на доградбата на современа зграда на АУЕ-ФОН Универзитетот, така и во набавката на компјутерска опрема;
- континуирано се следи организацијата на наставата и вежбите, и изведувањето на испитите преку усогласување на распоредите, комбинирање на online и физичко присуство за вежби и испити, организирање на работа во помали групи, што е неминовност во пандемиските услови и сл.
- иновирање на сајтот на ФОН универзитетот на којшто студентите можат да ги најдат сите информации за студиските и предметните програми, распореди на наставата и вежбите; информации за континуираната проверка на знаењата и информации за основната и пошироката литература;
- Одржување на платформата Teams, како секојдевно место за комуникација со студентите и колегите.

Во наредниот период заради непостоење на кадровски услови за самостојно опстојување на Факултетот, се подготви нова предлог акредитација за студиска програма во рамките на Факултетот за дизајн и мултимедија под назив Дизајн на архитектонски простор. Целта на оваа одлука е да се интензивира процесот на промени во насока на опстојување на Факултетот.

Во изминатиот период во контуниитет беа изработувани и акредитирани нови посовремени студиски програми за додипломски и студии од втор циклус (преоден модул и мастер студии).

До отпочнувањето на новата академска учебна година, акредитацијата за новите студиски програми е добиена само за втор циклус специјалистички и магистерски студии, додека за четиригодишните додипломски студии немаше повратен одговор, што значи дека немаше конкурс за упис на нови студенти во прва година додипломски студии.

Во академската 2021/22 година уписот и реализацијата на студиите во првиот и вториот циклус на студии беше приближно на ниво од претходната академска година со тоа што бројката за додипломските студенти е помала, додека кај вториот циклус, истата е поголема.

## 2.1. Работа на ННС

Во периодот октомври 2021 - сетември 2022, одржувани се седници на ННС според потребите на следните датуми: 25.06.2021, 02.07.2021, 02.09.2021, 23.09.2021 со продолжение на 30.09.2021, 21.10.2021, 23.11.2021, 22.12.2021, 30.12.2021.
Во периодот од 21.10.2021 до 30.12.2021 заради истекот на периодот за вршител на должност, до новото назначување, одржан е ННС на иницијатива на ректорот. Потоа во 2022 година одржани се ННС на следните датуми:

Во Прилог се дадени дневните редови за секоја Седница, како информација за што е дискутирано и кои Одлуки се донесени.

Дневен ред за ННС за **<u>25.06.2021</u>**

1. Кадровско екипирање (реферат по објавен оглас)
2. Прераспределба на предмети за нареден семестар/семестри (за одржување настава) и одржување испити (комплетна стара/нова програма)
3. Избор/потврдување на членови на комисии: за евалуација, за акредитација, за меѓународна соработка.
4. Трансфери за додипломски/постдипломски студии (проблеми)
5. Избор на предмети и распоред за втор циклус на студии
6. Преглед на пристигнати пријави за дипломски работи
7. Преглед на пристигнати пријави за магистерски работи
8. Разно

ННС закажан за **<u>02.07.2021</u>** по препорака од ректорската седница, со дневен ред:

1. Усвојување на Записник од седница одржана на 25.06.2021
2. Преглед на пристигнати пријави во архива
3. Распределба на предмети за академската 2021/2022 година од тековен кадар
4. Прикажување потреба за нов кадар или визитинг професори
5. Распределба на дежурства во текот на летниот период
6. Распределба на кадар за по предмети за одржување на испити во септемвриска сесија
7. Распоред за септемвриска сесија што ќе се одржи од 10.09. до 24.09.
8. Разно

Дневен ред за ННС за **<u>02.09.2021</u>**

1. Усвојување на Записник од претходна Седница
2. Организација на работниот простор
3. Известување од дискусиите наа Ректорската Седница
4. Известување од состанокот на комисијата за акредитација
5. Преглед на активностите во постапката за акредитација
6. Учество во кампањата за упис на нови студенти и трансфери
7. Предлози за избор на членови за Совет за доверба и соработка
8. Договор и појаснување за начинот на одржување на септемвриска испитна сесија
9. Пополнување на кадар за распределба на предмети за претстојната учебна/академска година
10. Распределба на должности за составување распореди
11. Разно

Дневен ред за ННС за **<u>23.09.2021</u>** и негово продолжение на 30.09.2021

1. Усвојување на Записник од претходниот ННС;
2. Формирање Комисија за спроведување на изборите за ректор;
3. Разгледување на Барањето на Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово за ангажман на доц. м-р Едона Арифи Садику;
4. Информација/изјаснување околу распоредот за реализација на наставата со физичко присуство или online, во академската 2021/2022 година;
5. Избор на нов член на Сенатот;
6. Формирање на Рецензиона комисија, по распишаниот конкурс за избор на професор по наведениот конкурс;
7. По точката разно во дневниот ред, беа вметнати и точките 8 и 9;
8. Формирање на Одбор за соработка и доверба со јавноста;
9. Усвојување на распоред за зимскиот семестар 2021/2022 година.

Дневен ред за ННС за **21.10.2021**

1. Усвојување на Записник од претходниот ННС
2. Разгледување на Барањето на Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово за ангажман на доц. м-р Каљтрина Елези Кулиќи;
3. Менторско мислење на доц. м-р Едона Арифи Садику за магистерскиот труд на кандидатот Илиријан Тафили
4. Разгледување на Молбата на студентот Никола Русевски за продолжување на студентскиот период
5. Информација за трансфери
6. Разно;

Дневен ред за ННС за **23.11.2021**

1. Усвојување на Записници од претходни ННС
2. Одлука/Избор во звање по објавен оглас за наставник
3. Информација од одржана ректорска Седница
4. Договор за почеток на настава за Втор циклус на студии
5. прераспределба на обврски заради најавено породилно отсуство на асс. Весна Грујоска
6. Дискусија за одредување на соодветност на факултети од кои може да се прави трансфер на Архитектонски факултет при АУЕ ФОН
7. Преглед на документи од архива
8. Информација за спроведувањ на интервјуа со кандидати за упис
9. Разно;

Дневен ред за ННС за **22.12.2021**

1. Избор/ назначување декан на факултетот;

Дневен ред за ННС за **30.12.2021**

1. Усвојување на Записници од претходни состаноци;
2. Известување за текот и подготовката на новата Акредитација, студиска програма: Дизајн на архитектонски простор;
3. Корекција на ангажманот и распоредот за држење настава за наредниот летен семестар.
4. Пристигнати пријави за дипломски работи;
5. Пристигнати пријави за магистерски работи;
6. Пристигнати пријави за менторски мислења;
7. Пристигнати рецензиони извештаи;
8. Разгледување на можност за продолжување на постапка за одбрана на теми каде член била Арбреша и треба да се замени со нов член;
9. Разно

Дневен ред за ННС за **15.02.2022**

- Усвојување на Записник од седница одржана на 30.12.2021
- Декански извештај (во Прилог)
- Договор за настава за втор циклус (во Прилог)
- Потврда за распоред на обврски (во Прилог)
- Времена прераспределба на предмети
- Преглед на пристигнати документи од архива
- Барање за признавање испити (Мила, задоцнето)
- Програма за работа на Факултетот во иднина
- Разно

Дневен ред за ННС за **18.03.2022**

- 1.Разгледување, усвојување на записникот од седницата одржана на 15.02.2022;
- 2. Разгледување на документи пристигнати од архива;
- 3. Информација од состанокот на Ректорска Управа;
- 4. Избор и назначување на ЕКТС координатор / советник за академски развој;
- 5. Список на невнесени оценки во систем;
- 6. Разно;

Дневен ред за ННС за **21.04.2022**

1. Усвојување на Записник бр.6  од седница одржана на 18.03.2022;
2. Разгледување на пристигнато барање за согласност за изведување настава;
3. Разгледување и усвојување на извештај за самоевалуација;
4. Формирање факултетска комисија за самоевалуација;
5. Извештај од состанок на ректорска управа;
6. Разгледување на потребата за формирање на Факултетска комисија за избор на членови на Факултетското студентско собрание;
7. Разгледување на документи пристигнати од архива
8. Разно

Дневен ред за ННС за **<u>23.05.2022</u>**

1. Усвојување на Записник бр.7 од седница одржана на 21.04.2022;

2. Разгледување на документи пристигнати од архива;

3.Преглед и договор  на менторства за дипломски/магистерски трудови;

4.Договор за изложба;

5. Разно

Дневен ред за ННС за **<u>09.06.2022</u>**

1. Формирање комисија за спроведување на гласањето на Архитектонскиот факултет, за избор на ректор на Американскиот универзитет на Европа – ФОН

Дневен ред за ННС за **<u>06.07.2022</u>**

1. Разгледување и усвојување на Записници бр. 8/23.05.2022 и бр.9/ 09.06.2022

2. Разгледување на документи пристигнати од архива;

3. Дискусија за покриеност на настава за академска 2022/2023 година;

4. Разгледување на распоред за септемвриски испитен рок 2021/2022;

5. Извештај за заклучоци донесени на седница на ректорска управа 14.06.2022;

6. Разно

Дневен ред за ННС за **<u>12.09.2022</u>**

1. Разгледување и усвојување на записник бр.10/06.07.2022;

2. Распределба на настава за академска 2022/2023;

3 Извештај за заклучоци донесени на седница на ректорска управа 26.08.2022;

4.Формирање комисија за признавање испити;

5. Избор и назначување на ЕКТС координатор / советник за академски развој;

6. Разгледување пријави пристигнати во архива;

7. Разно.

Дневен ред за ННС за **<u>30.09.2022</u>**

1. Дополнување на распределба на настава за академска 2022/2023 – Vгод. стара програма;

2. Разгледување пријави пристигнати во архива (менторско мислење);

3. Разгледување и усвојување извештај за самоевалуација за академска 2021/2022 година;

4. Разгледување потреба за поолнување комисии за спроведување испити

5. Информација за број на трансфери

6. Разно;

**2.2. Работа на постојните комисии формирани од ННС**

- Работата на Комисијата за евалуација на факултетот

Комисијата за евалуација на факултетот спроведе анкетирање меѓу студентите во време кога тие беа присутни на факултетот, но резултатите од анкетите не беа навреме сумирани. Со задоцнување се направи напор да се објават овие резултати и се покрена иницијатива да се спроведува online анкетирање на студентите за пополнување на Прашалниците за самоевалуација.

- Работа на Комисијата за признавање на испити

Комисијата за признавање испити (трансфери и реакредитации) во целиот период, дури и во летните месеци имаше поприличен број Молби и Барања за префрлување на студенти од други факултети, како и повторно активирање на студентскиот статус на студенти на АУЕ-ФОН кои ги оддолжиле студиите или не биле ажурни во извесен период заради пандемијата, престој во странство или неприлагодување на платформата Teams.
За разгледуваниот период има направено доолнително вкупно 19 трансфери и реактивации. Заради најава за заминување на колешката доц. м-р Каљтрина Елези Кулиќи, направена е замена во комисијата за трансфери, каде нов член е доц. м-р Филис Ајруш.

## 2.3. Упис на студенти во прв и втор циклус

Во учебната 2021/2022 година вкупниот број на новозапишани студенти на Архитектонскиот Факултетот изнесува 15 студенти во прва година на I циклус на студии и 11 студенти во II циклус на студии (преоден модул и магистерски студии).

Во табелата е прикажан бројот на запишани студенти во последните две веќе комплетно завршени академски учебни години, а погоре искажаните бројки се за тековната академска учебна година што сеуште трае.

Табела 2. Број на запишани студенти во учебната 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година

| | I година | II година | III година | IV година | Преоден модул | V година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20219/2020 | 32 | 50 | 77 | / | | | |
| 2020/2021 | 18 | 32 | 50 | 54 | 4 | 2 | |
| 2021/2022 | 16 | 12 | 16 | 21 | 4 | 4 | |
| Индексен пораст | | | | | | | |

Во табелата резултатите се апроксимативно дадени и може да изгледаат нелогично, од причини што евиденцијата што во одредени периоди во учебната година што како пресек се прави во карактеристични денови (почеток на нова учебна година или семестар, завршување на рок за уис во втор циклус на студии, завршување на календарска година и сл.) во текот помеѓу бараните статистики може да се измени. Се случуваат трансфери кои во вкуната евиденција се водат како првпат запишани студенти, што не мора да значи дека се запишани во прва година (со трансфер “влегле“ во втора, трета...), во меѓувреме може се откажале, испишале, не завериле семеста или мирувале, па направиле реактивација и сл.

Во учебната 2019/2020 година завршуваше генерацијата што студираше според старата акредитирана програма на тригодишни студии, заради што не се појавува упис во четвртта година. Во поглед на вториот циклус студии, не сите студенти се решаваат по завршувањето на преодниот модул (специјалистичките студии) да продолжат во петта година за магистерски студии.

Во секој случај евидентно е опаѓање на бројката на студенти и бројот на вработени.

Архитектонскиот факултет при АУЕ ФОН не ја доби акредитацијата за упис на нови студенти за додипломски студии на смерот Дизајн на архитектонски простор во рамките на Факултетот за дизајн и мултимедија.
Добиени се акредитации за специјалистички и магистерски студии од новата студиска програма за Дизајн на архитектонски простор.
Продолжуваат студиите по тековната студиска програма на Архитектура за втора, трета и четврта година, како и петта година од студиите за втор циклус, за програмата 3+2.
Заедно со реактивациите и трансферите новата 2022/2023 учебна година ќе ја почнат 57 студенти во додипломски студии, прв циклус и 8 студенти во втор цикус.

## 03. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

### 3.1. Наставен и соработнички кадар

Архитектонскиот Факултет во учебната 2021/2022 од наставен кадар има вкупно 8 вработени од кои што: наставен кадар 6 лица, и тоа еден редовни професори, еден вонреден професори, четири доценти и два асистенти. Табела 3, 3.1, 3.2, 3.3.

Сите вработени, како и помошта од наставен кадар од другите факултети одржаа настава на 63 активни предмети, со дополнителен избор на изборни предмети.

Табела 3. Наставници и соработници според возраст

| Возраст | Професори | Вонредни професори | Доценти | Соработници |
|---|---|---|---|---|
| 25-35 | | | 4 | 2+1 |
| 36-45 | | | | |
| 46-55 | | | | |
| 56-65 | 1 | 1 | | |
| 66-75 | | | | |

Табела 3.1. Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања за реализација на тековната студиска програма

| Ред. број | Име и Презиме | Звање | Област |
|---|---|---|---|
| 1 | Мумен Абуаркуб | ред. проф. | Урбано и просторно планирање и проектирање (20114) |
| 2. | Мимоза Клековска | вонр. професор | Инженерска графика – 20118 и Вештачка интелегенција и системи - 21205 |
| 3. | Каљтрина Елези Кулиќи | доцент | Архитектонско проектирање и дизајн (20100) |
| 4. | Јасна Грујоска-Кунеска | доцент | Архитектонско проектирање и дизајн (20100) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Едона Арифи Садику | доцент | Архитектонско проектирање и дизајн (20100) |
| 6. | Филис Ајруш | доцент | Архитектонско проектирање и дизајн (20100) |
| 7. | Весна Грујоска | асистент | Архитектонски конструкции (20112) и Материјали и технологија на градење (20108) |
| 8. | Александар Алексоски | асистент | Архитектонски конструкции (20112) и Инфраструктурни системи (20107) |
| 9. | Лилјана Илиоска | демонстратор | не е вработена (користи стипендија) |

ТАБЕЛА 3.2 ЗА ФЛУКТУАЦИЈА НА КАДАР

| **Ред. број** | **Име и Презиме** | **Звање** | **Период** |
|---|---|---|---|
| 1. | Екатерина Намичева | доцент | присутна до 08/2021 |
| 2. | Арбреша Ибрахими | доцент | присутна до 09/2021 |
| 3. | Мумен Абуаркуб | ред. проф. | континуирано за цел период |
| 4. | Мимоза Клековска | вонр. професор | континуирано за цел период |
| 5. | Каљтрина Елези Кулиќи | доцент | за цел период до 30.09.2022 |
| 6. | Јасна Грујоска-Кунеска | доцент | континуирано за цел период |
| 7. | Едона Арифи Садику | доцент | континуирано за цел период |
| 8. | Филис Ајруш | доцент | присутна од 12/2021 до тековно |
| 9. | Весна Грујоска | асистент | континуирано за цел период |
| 10. | Александар Алексоски | асистент | присутен до 06/2022 |
| 11. | Лилјана Илиоска | демонстратор | присутна од 12/2021 до 09/2022 |

Табела 3.3 КАДАР ОД ДРУГИ ФАКУЛТЕТИ ШТО ДРЖИ НАСТАВА

| **Ред. број** | **Име и Презиме** | **Звање** | |
|---|---|---|---|
| 1 | м-р Милош Милосављевиќ | доцент | |
| 2. | м-р Игор Шокаровски | вон. професор | |
| 3. | доц. д-р Катерина Аневска | доцент | |
| 4. | д-р Виолета Ангелоска | доцент | |
| 5. | д-р Љубица Кардалеска | професор | |
| 6. | м-р Маја Саревска | доцент | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | д-р Ивана Јарчевска, заменета со д-р Иван Заров од 10/2022 | визитинг професор | |
| 8. | д-р Марија Ветероска | професор | |
| 9. | д-р Гордан Георгиев | доцент | |
| 10. | м-р Анита Глигорова | доцент | |
| 11. | м-р Зоран Механџиски | доцент | |
| 12. | д-р Сејфеда Џафче | професор | |

Во поглед на ефикасноста на организацијата и внатрешната комуникација во рамки на Факултетот, како и односот на Факултетот со другите Факултети/Универзитетот, за успешно завршување на летниот семестар и воопшто заокружување на наставната програма за прва година имаше потреба од продолжувње и интнзивирање на наставата во последните седмици, со цел комплетно реализирање на обврските кон студентите. Благодарение на разбирањето и солидарноста на наставниот кадар и ректорската управа во целост успешно се заокружи наставата и сите останати обврски во сите студиски години.

Во поглед на кадровската политика, кадарот покажува интерес за сопствено доусовршување. Секако и тука постои поддршка и меѓусебно колегијално помагање.

Исто така, секој предметен наставник врши соодветни промени и усовршувања на предментната програма, согласно со достигнувањата во развојот на научната мисла и ги инкорпорира новите сознанија и научни дострели во содржината на предметните предавање.

Освен тоа, на почетокот од секоја академска година наставниците се договараат за содржината на предметната програма со нејзин краток опис и приложуваат список на основна, односно задолжителна и дополнителна литература за учење.

Во поглед на планираните и реализираните активности – целокупната наставна активност е реализирана според планот.

Во однос на вкупниот број студенти од податоците следи дека на секој наставник доаѓаат по (183:6) = 30.5 студенти.

Постојната структура на наставничкиот кадар се труди да овозможи квалитетна реализација на наставата на Факултетот. Постои потреба од перманентата грижа на Факултетот и Универзитетот за научно усовршување на постоечкиот, како и вработување на нов кадар.

Наставата кај последипломските студии се одвива само за преоден модул и магистерски студии.

### 3.2. Покриеност на наставните предмети со наставници

Анализата во однос на покриеноста на наставните дисциплини со наставен кадар покажува дека на Факултетот има ангажирано 6 наставници и 2 асистенти, а од неодамна и еден демонстратор на Архитектонскиот Факултет и 12 наставници од другите факултети на АУЕ ФОН и надворешно анажирани визитинг професори.

Што се однесува до ангажираноста на наставниците во наставно-образовниот процес, може да се заклучи дека поголем дел од наставниците се ангажирани на 7 или 8

наставни дисциплини на матичниот факултет во додиломски студии и о 2 или 3 предмети кај постдипломските студии. Распределбата се прави така да се постигне рамномерна оптовареност на наставниот кадар со работни обврски.

Воочливо е дека доминантно предметите се покриени од професори вработени на Универзитетот. Само за два предмета од Историја на архитектура и уметност (по еден во зимски и еден во летен семестар) побаран е визитинг професор. Со одлука на ННС на наставните дисциплини каде што нема соработници или демостратори, самите наставници се ангажираат на предметот да ги реализираат и вежбите.

Што се однесува до соодветноста на научната област на наставните предмети на студиската програма на Факултетот со научната област во која е стекнат (или не е стекнат) докторат, постојат извесни потешкотии за одредени предмети. Сепак, наставните предмети се соодветно потполнети со комисиски решенија.

Административно-техничкиот персонал при Универзитетот и покрај флуктуацијата на административниот кадар, заради што понекогаш се губи континуитетот се труди и овозможува нормално и континуирано извршување на овој вид активности во функција на реализирање на наставно-образовниот процес.

## 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и постдипломски студии

### КАТЕДРИ

Архитектонскиот Факултет при АУЕ ФОН има право да организира настава на додипломски студии, во преоден модул и магистерски студии. Не постојат различни катедри или насоки. Насочувањето студентите може да го направат преку слободата за избор на наставни предмети во секој семестар. Првиот циклус трае 8 семестри со 240 кредити, а последипломските студии – преоден модул и магистерски студии како втор циклус на студии кои траат секој по една година со вкупно 60 кредити, без поделба на насоки, а со делумна можност за изборни предмети.

Активирањето на одделни предмети се врши преку следење на актуелноста и интересот на младите за специфични теми што можат да се обработат низ наставнитте програми.

Вкупниот број предмети на првиот циклус на студии изнесува 48, со дополнителни три летни пракси и изработка на дипломска за вкупно 240 ЕКТС.

Интересот и уписот на преодниот модул е за дооформување на образованието и стекнување надополна од 180 до 240 ЕКТС што се потребни за апликација за основна лиценца. Со дополнителните 60 ЕКТС кои се надополнуваат на претходните 240 ЕКТС, кандидатите може да конкурираат на повисоки и сериозни позиции.

Во преодниот модул за 60 ЕКТС, треба да се положат 11 испити, додека за магистерските студии предвидени се 8 испити и изработка на завршен труд.

Целта на студиската програма е да оспособува кадар од повисоки стручни, академски и научни степени, на посебно ниво на професионален научен и наставен квалитет, со развивање и апликација на признати стандарди на стекнување, креирање и дисеминација на знаења.

Во реализацијата на студиската програма планираните обврски на наставниот и асистентскиот кадар се исполнети навремено и во целост.

Исто така постои рамнотежа во поглед на **планираните и реализираните студентски активности** (вежби, семинарски работи, задачи). Прогресот на студентот се оценува според повеќе параметри кои се дефинирани во ЕКТС концептот.

На крајот на учебната година од студентските трудови, организирана е студентска изложба во фоајето на АУЕ ФОН Универзитетот.

**Системот за оценување** е според ЕКТС – кај некои предмети испитот се полага преку два колоквиуми, а се оценуваат и присутноста, активноста и изработените семинарски задачи. Кај предмети со изработка на еден пообемен проект (проектирање и студио) не секогаш има интерес за пријавување колоквиуми.

## Постигнати резултати на студентите по одделните предмети на единицата

Веројатно пандемијата и оштата состојба со преминот на online учење и полагање обесхрабри некои од студентите, па забележано е мирување или неактивност на извесен број студенти. Есенските месеци дел од нив побараа реактивирање или можност за следење настава од странство.

Прегледот на дипломирани студенти се прави во текот на калебдарската година и во 2021 дипломирале 6 студенти во прв циклус и 2 студенти во преодниот модул на специјалистички студии.

Табела 4.
Дипломирани студенти на Архитектонски Факултет во календарската 2021 година

| | I циклус дипломирани | специјалисти | магистри |
|---|---|---|---|
| 2021 година | 6 | 2 | / |

### 4.2 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето

Во реализацијата на наставно-образовниот процес на Факултетот доминантна форма на настава е интерактивната настава со активно учество на предавања и вежби. Тоа е без исклучок пракса за сите додипломски предмети. Дури и за вториот циклус се организираат концентрирани "дупли" предавања, додека за вежбите се договараат термини за менторски консултации.

При реализацијата на наставно-образовниот процес Факултетот неоходно треба да користи компјутерска технологија и соодветни наставни помагала, меѓутоа тие се во значително помал обем во однос на потребите и само за определени предмети. Заради тоа наставниот кадар и студентите самостојно ја обезбедуваат потребната техника.

Методите за проверка на знаењата главно се преку писмени испити, помалку усно, а делумно и со презентација и одбрана на целокупната семестрална работа.

## 5. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Освен во сферата на наставата и едукацијата, студентите преку задолжителната пракса остваруваат контакт со фирми, компании кои работат во полетто за кое се едуцираат.

На тој начин ги ппрошируваат и сопствените знаења и ги согледуваат во вистинско светло предизвиците на избраната професија.

Заради затекнатите состојби, пандемијата, намалената мобилност, Факултетот не оствари значителни дополнителни соработки.

Со преструктуирањето на студиската програма, во состав на една поширока активност, постои можност во иднина да се остварат заеднички надворешни соработки.

## 6. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Тавела 7. Список на објавени трудови по наставници и соработници во учебната 2021/2022 година

Нема објавени трудови.

| **Автор (и)** | **Наслов** | **Списание (наслов, том, издание, страна)** |
|---|---|---|
| / | / | / |

**Организирани научни собири**

Факултетот не организирал меѓународни средби.

**Гостување на странски предавачи**

Во разгледуваниот период нема оранизирано предавање од странски предавачи во областа на предметите што се застапени на Факултетот. Дел од студентите и кадарот како гостин учествувале на предавања, презентации и настани организирани од други единици или организации.

Факултетот настојува студиските програми да бидат покриени со квалитетни и учебници и учебни помагала издадени во Република Македонија и пошироко. Истовремено, Факултетот сесрдно ги стимулира и потикнува активностите за издавање на учебници на своите колеги, но овој процес треба да функционира самофинансирачки и нема интерес за тоа.

## ЗАКЛУЧОК

Изработката на Годишен извештај на деканот на факултетот како законска обврска за сите високообразовни институции во Р. Македонија, претставуваше добра можност за анализа на состојбите и процесите на Архитектонскиот Факултет.

Направената анализа овозможи согледување на добрите и слабите страни, односно тешкотиите во работењето на институцијата , од интерен и/или екстерен карактер, од една страна, и можностите за надминување на проблемите и динамизирање на развојот, од друга страна. Од аспект на организацијата на работата на факултетот и внатрешната комуникација на деканот со ННС и поединечно со професорите и соработниците постои солидна комуникација, така што во периодот од учебните години што се предмет на анализа и покрај тешкотиите има постигнато забележителни резултати во сите сегменти на функционирање.

Со реализацијата на студиската програми сите планираните обврски на наставниот и асистентскиот кадар се исполнети во целост, така што наставно-образовниот процес заврши според годишниот план за работа.

Имајќи ги предвид добиените сознанија, и ставајќи ги во контекст на реалните состојби и можности за нивна позитивна промена, ги препорачуваме следниве корективни мерки:

- перманентно иновирање на предметните програми, согласно актуелноста на темите и барањата на пазарот;
- перманентно квалитативно подобрување на постојниот наставнички и соработнички кадар и кадровско доекипирање на Факултетот соодветно на потребите;
- Осовременување на наставно-образовниот процес и подобрување на квалитетот и ефикасноста во студирањето кое нешто ќе овозможи зголемување на рејтингот на факултетот и Универзитетот;
- поголема и поактивна улога на студентите во целокупниот наставно-образовен процес, преку зголемена одговорност и редовност на студентите во следењето на наставата и примената на современи методи на настава, што подразбираат активна и креативна улога на студентот;

Основната мисија на Факултетот е доброто образование. Квалитетната, содржинска настава и праведното оценување брзо се препознава меѓу студентите. Задоволни студенти се најдобра реклама за Факултетот.

Во однос на бројката, Архитектура не е од факултетите со масовна посетеност. Во споредба со други факултети не само на овој Универзитет, туку воопшто, и кај приватните и кај државните квоти, и во минатото, односот бил 1:10, можеби и повеќе. Радува податокот што постои интерес и за упис на постдипломци. Подотовката и работата со овие студенти е понапорна, но и ефектот е веројатно поголем. Така се зголемува и рејтингот за капацитетот на Факултетот.

Ако нема драстична разлика во цените, студентите би се одлучиле да го изберат местото каде знаат дека ќе имаат добар прием и разбирање.
Мислам дека за сите информативни и административни прашања потребно е да постои подобро организирано одделение, што е задолжено исклучиво за тоа, со јасна информација за студентите, каде треба да се обратат. Кога кај професорите се меша администрација и настава, се мешаат и приоритетите. Постоење на Правилници, “Огласна Табла“, “Куќен ред“, поштенски сандачиња (шошки) за професорите, сето тоа би било во прилог на информираноста, редот и вкупната организација на работата.